**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ПЕДЕСЕТ И ЧЕТВРТТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 19.02.2025 година**

**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2025 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Педесет и четврттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 19.02.2025 година**

Седницата започна во 13:20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **м-р Сашо Кукески**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Педесет и треттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Педесет и треттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **23 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **м-р Сашо Кукески**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за отворање и водење на депозитна (escrow) сметка;
2. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2024 година;
3. Предлог - Одлука за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2025 година;
4. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево, на КП 170/1 КО Трубарево; и
5. Предлог - Препорака за забрана на користење на мобилни телефони, паметни

часовници и останати уреди за електронска комуникација и достапност до социјалните мрежи за ученици, во тек на настава во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за отворање и водење на депозитна (escrow) сметка.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање на согласност за склучување на Договор за отворање и водење на депозитна (escrow) сметка, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2024 година, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2025 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево, на КП 170/1 КО Трубарево.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за

уредување на градежно земјиште, за доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево, на КП 170/1 КО Трубарево, со **24 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Препорака за забрана на користење на мобилни телефони, паметни часовници и останати уреди за електронска комуникација и достапност до социјалните мрежи за ученици, во тек на настава во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на совет - Сашо Начовски (ВМРО-НП - дел од коалиција предводена од СДСМ).

Во текот на дискусијата и изнесени сериозни наводи од членот на советот (надвор од расправа по точката предмет на расправа и одлучување), Градоначалникот на Општина Гази Баба ја **задолжи стручната служба** преку секторот за правни и општи работи до надлежниот сектор за инспекциски работи - инспекторат, да постапи во согласност со закон, да изврши увид и даде соодветни препораки до ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Препораката за забрана на користење на мобилни телефони, паметни часовници и останати уреди за електронска комуникација и достапност до социјалните мрежи за ученици, во тек на настава во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - м-р Сашо Кукески ја заклучи Педесет и четвртата седница на советот на Општина Гази Баба, во **13:35** часот.

**Број 09-1529/2**
**од 7 март 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот